Македонско здружение на млади правници
МЗМП - Скопје
Бр. I 0306 - 444/1
15.09.2017 год.
СКОПЈЕ

Македонско здружение на млади правници

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: | 22-09-2017 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 43 | 6050/1 | | |

Институт за човекови права

КОАЛИЦИЈА СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BAŠO NJAMALO KRISIPE

**До:** Влада на Република Македонија
Генерален секретаријат – Одделение за соработка со невладини организации

**Предмет:** Доставување на предлози за политики *„Како до законска регулатива која ќе ги заштити граѓанските организации од арбитрерни инспекции и контроли во областа на даночното и финанискoто работење?"* на повик до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2018 година

**Датум:** 15ти септември 2017 година

Почитувани,

Ние, Македонското здружение на млади правници, Институтот за човекови права и Коалицијата Сите за правично судење врз основа на повикот до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2018 година ви споделуваме публикација која содржи препораките за подобрување на даночното законодавство и кривичната постапка кои придонесуваат кон подобрување на правната рамка која се однесува на граѓанските организации како и зголемување на правната сигурност.

Препораките се однесуваат како на измени на Законот за персоналниот данок на доход (прецизирање што сè се подразбира како доход кој подлежи на оданочување) така и на одредби кои директно го уредуваат начинот на водење на надворешната (даночна) контрола (јасно дефинирање на правата и должностите на граѓанските организации во случаи кога се предмет на инспекциски надзор од УЈП). Препораките се засноваат на детална правна анализа на спроведените инспекции и контроли над 21 граѓанска организација во периодот од декември 2016 до мај 2017 година и истите произлегуваат од идентификуваните проблеми со кои се соочија граѓанските организаици, а се последица на одредени непрецизни законски одредби.

Доколку имате потреба од дополнителни информации и појаснувања можете да не контактирате на долунаведените контакт податоци.

Со почит,
Гоце Коцевски, Македонско здружение на млади правници
Е-пошта: gkocevski@myla.org.mk; Тел. : 078-252-942

МАКЕДОНСКО ЗДРУЖЕНИЕ НА МЛАДИ ПРАВНИЦИ *СКОПЈЕ*

CIVICA MOBILITAS | Citizens for change!